**Нашите водечки принципи**

Сокотаб е посветен на тоа да биде општествено одговорна компанија, почитувајќи ги човековите права, како и социјалните и еколошките принципи. Сокотаб очекува ист ангажман од своите добавувачи, деловни партнери и засегнати страни. Се обврзуваме да ги почитуваме човековите права како што се наведени во:

- Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации (Пакт на ОН I и II),
- Конвенциите и препораките на Меѓународната организација на трудот (МОТ),
- Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права,
- Насоките на ОЕЦД за мултинационални компании,
- Принципите на ОН за правата на децата и деловни принципи,
- Швајцарската уредба за Контрола и Транспарентност во однос на детскиот труд.

Во согласност со горенаведеното, се обврзуваме континуирано, земајќи ги предвид интересите на засегнатите страни, да ги идентификуваме, проценуваме, спречуваме и решаваме сите реални или потенцијални влијанија врз човековите права кои се јавуваат директно или индиректно преку нашето оперативно влијание и синџирот на снабдување.

Се обврзуваме постојано да го подобруваме управувањето и менаџирањето со етичкото однесување и придружните процеси. Исто така, истражуваме дополнителни механизми за проценка на нашето влијание, ризици и можности во области поврзани со човековите права.

---

**Управување**

Одборот на директори и извршниот тим на Сокотаб преземаат директна одговорност за управување со имплементацијата на оваа изјава. Ова обезбедува интеграција на почитувањето на човековите права и животната средина низ целата организација и синџирот на снабдување.

Извршниот тим ја води целокупната стратегија за одржливост на компанијата, обезбедувајќи нејзина целосна интеграција во срцта на нејзиното работење. Тимот има надзор над иницијативите за одржливост во организацијата. Комитетот за одржливост на Групација го советува одборот (и Извршниот тим), поставува стратешка насока и дефинира цели за одржливост, додека го следи спроведувањето на стратегии за одржливост, нови трендови и материјални влијанија.

Управувањето е одговорност на Комитетот за одржливост на Групација, кој ги координира активностите, поставува приоритети и ги насочува напорите на целата компанија за

почитување на човековите права и заштита на животната средина. Националните комитети за одржливост се одговорни за идентификување на приоритетите на ниво на земја, поставување цели, проценка и третирање на влијанија и ризици, следење на напредокот и одржување и подигнување на свеста за најдобрите практики за Длабинска анализа во синџирот на снабдување.

---

**Детски труд и принудна работа**

Сокотаб се води според Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права и ги поддржува основните конвенции на Меѓународната организација на трудот (МОТ). Обезбедуваме нашите операции да бидат слободни од детски и принудна работа и очекуваме нашите добавувачи и партнери исто да ги почитуваат овие Конвенции на МОТ.

Преку мониторинг на добавувачите на нашите договорени фарми, се идентификуваат ризици и се преземаат навремени активности поврзани со откупениот тутун. Сите договори со земјоделци бараат усогласеност со земјоделските трудови практики и човековите права.

---

**Недискриминација и слобода на здружување**

Сокотаб нуди еднакви можности за вработување без оглед на возраст, пол, сексуална ориентација, попреченост, раса, религија, државјанство, брачен статус, семејна состојба, земја на потекло или други фактори, во согласност со законите и регулативите на секоја земја каде што работиме.

Сокотаб се обврзува да ги третира вработените фер, етички, со почит и достоинство. Се стремиме да ги заштитиме нашите вработени од сите форми на сексуално, физичко и психолошко насилство.

Сокотаб го признава и се обврзува на принципот на слобода на здружување и правото на колективно преговарање, согласно важечките закони во земјите каде што работиме.

---

**Следливост**

Нашиот воспоставен систем за следливост на тутунот овозможува целосно следење на потеклото, производствените процеси и дистрибуцијата на тутунот низ целиот синџир на снабдување. Ова ја подобрува транспарентноста, контролата на квалитетот и безбедноста во целиот синџир на снабдување со тутун.

Сите деловни процеси, од склучување договори до испорака, се евидентираат и пријавуваат за да се исполнат барањата за следливост.

---

**Ангажирање и обука**

Се обврзуваме да ги препознаеме релевантните засегнати страни и да преземеме соодветни активности за идентификација, приоритизација, одговарање, мерење и известување за сите негативни влијанија врз човековите права. Се стремиме да се ангажираме со засегнатите страни во секоја фаза од нашата длабинска анализа на синџирот на снабдување.

Сокотаб ги идентификува како засегнати страни: земјоделците и земјоделските задруги, добавувачите на стоки и услуги, вработените, клиентите, содружниците, владите и регулаторните органи, како и локалните заедници. Нашата Групација е посветена на соработка со засегнати страни кои ги споделуваат нашите вредности за интегритет, правичност, чесност и почит кон сите индивидуи.

Се обврзуваме континуирано да ги обучуваме сите вработени и трети страни за човековите права и влијанијата кон животната средина, врз основа на нивната поврзаност со нас.

---

**Здравје и безбедност**

Посветени сме на континуирано обезбедување на безбедна работна средина во сите наши објекти и секаде каде имаме активности, заштитувајќи ги нашите вработени од несреќи при работа и професионални заболувања, и промовирање на нивното здравје и благосостојба.

Користиме сопствен систем за управување со безбедноста кој овозможува ефикасно следење на перформансите и идентификација на можности за подобрување. Дигитализацијата помага во оптимизирање на нашите операции и генерирање на корисни информации од собраните податоци.

---

**Животна средина**

Одговорно управуваме со нашето влијание врз животната средина, се усогласуваме со сите важечки закони и регулативи за животна средина, ги добиваме сите потребни дозволи (лиценци и регистрации) и ги документираме соодветно.

Сокотаб е посветен на намалување на трошењето на природни ресурси како и намалување на влијанието врз животната средина поврзано со емисии во воздухот, употреба на вода и земјиште. Нашата стратегија е усогласена со принципите на Интегрираниот систем за управување, како и со Целите за одржлив развој на ОН, за да се обезбеди континуирано подобрување на сите процеси применливи за нашите деловни активности и синџир на снабдување. Вклучува имплементација на мерки за спречување на еколошка штета, навремено преземање на корективни активности во случај на инциденти, како и подобрување на нашите еколошки перформанси. Редовно ги собираме и пријавуваме нашите емисии на стакленички гасови и спроведуваме различни проекти за нивна избалансираност.

**Механизам за жалби**

Сокотаб има воспоставено локални и глобални механизми за да обезбеди можност сите засегнати страни лесно да пријават грижи или постават прашања. Тоа подразбира глобална корпоративна телефонска линија за пријавување, локални механизми за жалби на земјоделци и работници на фарми, човечки ресурси и други ресурси за ескалација.

Компанијата секоја жалба ја сфаќа сериозно и одржува јасно дефинирани и доверливи процедури за следење. Под никакви околности не се толерираат репресалии или одмазди од било каков вид против вработен или трета страна која го користи своето право да пријави разумна жалба.

**Заштита на податоци**

Во Сокотаб, ја почитуваме заштитата на податоци како лично право. Личните податоци се користат и обработуваат само во рамките дозволени со закон и нашите интерни политики, и како што е дозволено од страна на субјектите на податоци. Нашите политики за заштита на податоци ја регулираат обработката на лични податоци на вработени, добавувачи, клиенти и партнери во рамките на Општата регулатива за заштита на лични податоци (GDPR), како и сите други важечки локални регулативи. Ова обезбедува униформни стандарди за заштита и безбедност на податоци и го обезбедува потребниот рамковен систем за трансфер на податоци.